

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА

ЗДРУЖЕНИЕТО „БАДНИКОВИ ПОВОРКИ“

ЗА ПЕРИОД: ЈАНУАРИ 2019 година – ЈАНУАРИ 2020 година

1. Основни податоци за Здружението „Бадникови поворки“

Здружението за возобновување на православните традиции „Бадникови поворки“ Скопје е доброволно, непрофитно, невладино, непартиско здружение на граѓани, формирано со слободно здружување на граѓаните заради организирање бадникови поворки низ што поголем број населени места во Македонија кои секоја година, на ден Бадник 6-ти Јануари, преку организирани поворки низ улиците на секој град (населено место), со песна ќе го најавуваат големиот христијански празник.

Здружението „Бадникови поворки“ е основано во Скопје на седница на Основачкото собрание на Здружението на ден 09.02.2017 година, а истото е регистрирано во Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица на ден 16.02.2017 година.

Органи на Здружението се:

- Собрание - највисок орган на Здружението, кое го сочинуваат сите полнолетни членови на Здружението;
- Претседател кој се избира со мандатен период од 4 години, со можност за реизбор. Актуелен претседател на Здружението е Милан Копчаревски;
- Извршен одбор кој се избира за мандатен период од 4 години. Актуелниот извршен одбор е составен од претседателот на здружението и основачите на здружението.

Основните цели и задачи на Здружението „Бадникови поворки“ се следните:

- Возобновување на старите православни традиции за прослава на Бадник;
- Да се запознаат граѓаните на Република Македонија со старите православни традиции за прослава на Бадник;
- Да се обезбедат непречени услови за реализација на Бадниковите поворки како манифестација за Бадник;

- Да се остварат целите и задачите кои ќе бидат дополнително определени со плановите за работа на здружението.

Мисија на Здружението „Бадникови поворки“ е да организира бадникови поворки низ што поголем број населени места во Македонија кои секоја година, на ден Бадник 6-ти Јануари, преку организирани поворки низ улиците на секој град (населено место) со песна ќе го најавуваат големиот христијански празник Раѓањето Христово.

Здружението „Бадникови поворки“ во текот на месец декември 2018-та година беше регистрирано за вршење издавачка дејност во Централниот регистар на РМ.

2. Начин и период на изработка на Годишните извештаи за работењето на Здружението „Бадникови поворки“.

Со оглед дека мисијата на Здружението „Бадникови поворки“ е организирање и спроведување на Бадникови поворки кои што се одржуваат на ден Бадник, односно во месец јануари, сметаме дека е целисходно годишните извештаи да бидат изработени на начин што ќе го опфатат и месецот јануари од наредната календарска година. Поради оваа причина, годинешниот извештај дава приказ на сите активности кои што беа преземени во текот на 2019-та година и на почетокот на 2020-та година, заклучно со одржувањето на Бадниковите поворки на 06.01.2020 година под мотото „Бадник за сите! Радост за сите!“.

3. Реализирани активности во текот на 2019-та година и во месец јануари 2020 година.

3.1. Во текот на втората половина од 2019 година, Здружението „Бадникови поворки“ презема низа активности со цел реализација на неговата мисија, односно организирање на Бадникови поворки во 2020-та година.

Во првичниот период членовите на Здружението одржаа неколку состаноци на кои се разгледуваа начините за реализација на Програмата за дејствување на Здружението, се презентираа идеи за начинот на организирање на Бадниковите поворки во 2020-та година и се утврдуваа активностите на членовите на Здружението со насока на успешно организирање на поворките.

Членовите на Здружението се согласија со идејата на Бадник во градот Скопје да се организира манифестација под мотото „Бадник за сите! Радост за сите!“.



На голема радост, оваа година беше прифатена и реализирана идејата прославата на старите скопски бадникари и бадниковите поворки да се спојат во една единствена манифестација пред Соборниот храм.

Покрај ова, членовите на Здружението се согласија оваа година да се посвети внимание и на традицијата за приготвување и делење на бадникови колачиња, кои имаат форма на бебето Исус. За таа цел беше разгледана и прифатена идејата да се подготви најголемото бадниково колаче некогаш направено на овие простори.

Со цел сите деца кои што ќе чекорат на Бадниковите поворки во Скопје да имаат бадникова ѕвезда, беше прифатена идејата да се изработат бадникови ѕвезди и истите да им се подарат на сите дечиња кои што ќе дојдат на Бадниковите поворки.

Покрај овие идеи, никако не се заборави на една од најважните активности на Здружението, која се практикува веќе 4-та година по ред, а тоа е возобновување на православните божикни песни кои што некогаш се пееле на

ова наше поднебје. За таа цел, беа превземени активности за возобновување на божикната песна со наслов „Христос се роди денес“.

3.2. Со цел да се обезбеди поголема информираност на граѓаните за преземените активности на Здружението, и во текот на оваа година беа активни следните профилите на социјалните мрежи: Facebook група БАДНИКОВИ ПОВОРКИ, Fan страна на Бадникови поворки на Facebook, официјалниот профил на Бадникови поворки на Instagram, како и YouTube каналот Badnikovi Povorki.

3.3. Поконретно, во текот на втората половина на 2019 година и почетокот на 2020-та година, од страна на Здружението „Бадникови поворки“ беа преземени следните активности:

- На 28 ноември 2019 година на YouTube каналот беше објавено видео со наслов „Спомени од снимањето на првиот спот за „Вечниот Бог“ со Ламбе Алабаковски и деца од Битола и Охрид“. Во ова видео беа пренесени спомените за текот на снимањето на спотот од страна на г-ѓа Вера Благоевиќ (во улога на помагател) и г-дин Стојан Вујичиќ (во улога на режисер). Како потсетување првиот спот за Божикната песна „Вечниот Бог“, беше снимен во месец декември 2011 година во градот Битола.
- На 12 декември 2019 година на нашиот YouTube канал беше објавено видео од возобновувањето на божикната песна „Христос се роди денес“ која потекнува од некогашна Смирна. Станува збор за стара песна од нашата православна традиција, која нашите повозрасни граѓани ја пееле на ден Бадник во попладневните часови. Најпрво децата од рано наутро со песната „Вечниот Бог“ или „Дева денес“ оделе од куќа на куќа и го најавувале Христовото Раѓање, за попладне тоа да го направат возрасните, токму со оваа песна „Христос се роди денес“. Од втората половина на 20-тиот век, традицијата на пеење на оваа песна згаснува, за оваа година, на иницијатива на отец Партениј од Бигорскиот манастир, одново да се врати и да го радува нашиот православен народ.

- Довербата да ја овековечат во студио, им припадна на Вера Милошевска од Љубојна и традицискиот оддел при ДМБУЦ „Илија Николовски - Луј“, како вистински чувари на нашата традиција.

- Во продолжение Ви пренесуваме изјави на дел од учесниците кои доброволно го дадоа својот придонес во остварувањето на оваа активност:

Вера Милошевска од Љубојна: *„За мене, оваа е втора година по ред, како сум дел од Бадниковите поворки, и втора година како заедно со целиот мој православен народ, свечено и достоинствено, низ цела манифестација на настани, се подготвуваме да го празнуваме „Христовото Раѓање – Божик. Особено сум почестена што токму јас како бренд на Љубојна и една поголема група прекрасни луѓе од традицискиот оддел при ДМБУЦ „Илија Николовски Луј“, го добивме благословот на отец Партениј од манастирот Св.Јован Бигорски, со чија што љубов и посебно чувство на естетика, се сплотивме и ја возобновивме оваа четврта каланда или коледарска песна која ќе остане за навек, а носи наслов „Христос се роди денес“.*

Владимир Димовски: *„Оваа песна е со византиски происход. Тоа може да се забележи од раскошниот и специфичен начин на изведба. Ние како наследници на богатата византиска традиција, треба да се гордееме што имаме вакво богатство во наследство“.*

Тимко Чичаковски: *„Лично посакувам, како што децата со голема радост и свечен тон ја пеат „Вечниот Бог“, така возрасните повторно да почнат да ја пеат „Христос се роди денес“.*

- Во оваа пригода, дозволете ни да изразиме и бескрајна благодарност до Бигорскиот манастир со чиј благослов и соработка го изработивме овој и сите претходни проекти, како и до Вера Милошевска од Љубојна, традицискиот оддел при ДМБУЦ „Илија Николовски - Луј“, маестро Владимир Димовски за аранжманот на музиката; до оркестарот музичари: виолина - Владимир Костов, Елена Талевска, Петар Тасески, Ѓоргина Поповска, Марија Јанчулеска,

Владимир Цветковски, Коста Андоновски, Бранислав Автовски, Момчило Куфојанакис, Игор Милевски; виоли - Марија Димитријевиќ, Александар Стојчевски, Александар Лаовски; виолончело - Кирил Јосифов, Паскал Краповски, Љупка Манчевска Каевиќ; контрабас - Митко Иванов; кларинет - Петар Христов, канон - Тимко Чичаковски; харфа: Симона Богоевска, Диригент и синтисајзер: Иван Еминовиќ. Песната беше снимена во студиото „Фаме'с", микс - Игор Василев и едит - Теодора Арсовска.

- На 24 декември 2019 година започна снимањето на спотот за божикната песна „Христос се роди денес". Спотот се снимаше на неколку локации во Скопје и во Охрид. Режијата, монтажата и продукцијата на видео записот беа во рацете на Даниел Јовески. Во севкупното остварување на овој проект учествуваа над 80 луѓе, меѓу кои и познатите македонски актери: Јоана Поповска, Дубравка Киселички, Владо Јовановски, Горан Илиќ, Љупчо Бојковски, Владо Дојчиновски. Прекрасната костимографија ја направи Жаклина Крстевска Караѓозоска, а за шминката се погрижија Викторија Бурсак и Маргарита Миновски. Освен на сите гореспоменати учесници, кои несебично и со многу љубов се вложија во ова дело, би сакале најтопло да им се заблагодариме и на многубројните помагатели: Владимир Анастасов, „Ноа бар", Општина Охрид, Музеј на град Охрид, МВР Скопје, СВР Охрид, Пекарница „Жито Леб", хотел „Нова Ривиера" со директорот Јане Тодоровски.

- Во продолжение Ви пренесуваме изјави на дел од учесниците од снимањето на спотот:

Владо Јовановски: *„Се радувам што сум дел од една навистина прекрасна екипа, која учествуваше во изработка на нешто големо, нешто многу благодродно. Екипа составена од 3, 4 генерации од најмлади до најстари луѓе, професионалци и деца, но пред се ентузијасти полни со љубов на кои им беше важно да дадат се од себе за овој проект да успее. Со овој проект се возобновува една можам да кажам малку подзаборавена православна традиција, се воозбновува едно време во кое христијанските вредности се почитувале. Моето чувство е дека со ваков и со слични проекти како да се*

враќа тоа време, како да воскреснува тоа време, се враќа во домовите на современиот човек во ова наше денешно македонско општество. И особено сакам да благодарм на отец Партениј, игуменот на Бигорскиот манастир кој благослови ете и јас да дадам скромен придонес во овој проект.“

Владо Дојчиноски: *„Снимањето на видео записот за божикната песна „Христос се роди денес“ беше несомнено нешто авангардно во македонската музика и би рекол во културната сфера. Самата организација беше многу голема затоа што во видео записот учество земаа преку 70 луѓе кои што требаше да имаат 70 соодветни костими, соодветна сценографија и се снимаше на неколку различни локации. И затоа сега сакам да искажам една голема честитка до игуменот на Бигорскиот манастир Архимандрит Партениј кој сето тоа умешно го осмисли, го спои, а еве сега и го реализира. А исто и една голема благодарност до сите кои што беа пред камерата, зад камерата, сите кои што се вклучија во создавањето на овој проект и се вклучија со голем ентизијазам и пред се, според мене најважното беше добрата волја која се чувствуваше насекаде околу нас на самото снимање.“*

Љупчо Бојковски: *„Во оваа нова божикна каланда и видеото што го снимивме за неа се отсликува духот на едно време. Едно време, не така дамнешно, но подзаборавено во последното столетие. Текстот на песната го покажува правилното славање на Божик, не поттикнува да појдеме во храмовите на богослужба, но и да не ги заборавиме сиромашните. Сцените пак ни прикажуваат традиционални повеќечлени семејства кои што живееат во заемна послушност, почит и хармонија меѓу членовите. Накратко кажано оваа божикна песна носи со себе една силна порака и голема благодарност упатувам до Игуменот отец Партениј од Бигорскиот манастир кој што ме повика да бидам дел од овој навистина голем настан. А исто така една голема радост чувствувам, која што сакам да ја искажам и да ја споделам со вас, голема благодарност, голема честитка за иницијативата за*

организирање на Бадниковите поворки, во која учество земаат најзначајните за нас, најмилите, а тоа се дечињата.“

- Спотот беше промовиран на нашиот YouTube канал на 06.01.2020 година.

- Во продолжение споделуваме неколку фотографии кои ја пренесуваат пријатната атмосфера која владееше во текот на снимањето на спотот:













➢ 06 јануари 2020 година - Денот кој што сите со големо нетрпение го очекувавме, конечно дојде. Во Скопје, денот започна со поставување на најголемото бадниково колаче во дворот на Соборниот храм. Подготвувањето и поставувањето на најголемото бадниково колаче беше своевиден подвиг за двајцата пекари Горан Петковски и Зорица Трајковска, кои ја прифатија поканата на Здружението „Бадникови поворки“ да дадат свој придонес кон празнувањето и да го овековечат рецептот за подготовка на традиционално бадниково колаче какво што се правело отсекогаш. Колачето кое го симболизира бебенцето Исус, беше високо 3 метри, а тешко над 100 кг. Покрај ова, пекарите подготвија и 5.000 бадникови колачиња кои што им беа поделени на дечињата кои земаа учество во Бадниковите поворки во Скопје.







- Активностите на Бадниковите поворки во Скопје уште во раните утрински часови, опфатија и посета на Домот за стари лица каде што група дечиња во

придружба на старите бадникари, ги израдуваа лицата сместени во домот. Освен што им ја отпеаа коледарската песна „Вечниот Бог“, тие имаа подготвено и други изненадувања за нив.

- За тоа време, деца од Бадниковата поворка во Охрид, го посетија Претседателот Стево Пендаровски кој заедно со своето семејство, празниците ги помина токму таму.
- Што се однесува до централната манифестација во Скопје, таа започна во 10:30 часот пред црквата Св.Димитриј" каде што семејствата со деца, најпрво подигнаа бесплатни ѕвездички за децата и бадникови колачиња, а потоа учествуваа во формирањето на најголемата бадникова поворка предводена од Елена Ристеска, Влатко Лозаноски, Димитар Андоновски, Стефан (Некст тајм), Давид Темелков и Златните славејчиња.
- Во 11:15 часот, поворката предводена од македонските музички ѕвезди, се упати кон Соборниот храм каде што се случи и најавеното обединување на Старите скопски бадникари со Бадниковите поворки. По тој повод, беа доделени признанија и подароци на бадникарите со најдолг стаж, а во рамките на божикниот концерт што го подготвија нашите музички ѕвезди, беше промовирана и најново возобновената божикна песна "Христос се роди денес" во интерпретација на Вера Милошевска - Љубојна и традицискиот оддел при ДМБУЦ "Илија Николовски - Луј".
- Со доделување пакетчиња на сите деца и покана до сите семејства, побожно во мир, љубов и со добра волја да ги прослават божикните празници, беше заокружено овогодинешното чествување на Празникот на Христовото Раѓање, во градот Скопје.

➢ Во исто време, Бадникови поворки на радоста, во кои децата на свечен начин го најавуваа Христовото Раѓање, беа одржани во уште 39 градови и населени места низ земјата и тоа: Битола, Охрид, Струга, Кичево, Прилеп, Дебар, Велес, Штип, Крушево, Куманово, Струмица, Богданци, Виница, Ростуше, Луково, Велгошти, Кривогаштани, Гевгелија, Валандово, Свети Николе, Тетово, Гостивар, Ресен, Могила, Демир Капија, Кавадарци, Пробиштип, Радовиш, Неготино, Кочани, Делчево, Македонска каменица,

Дојран, Вратница, Брвеница, Старо село, Беловиште, Рогачево и Теарце, каде распеаните коледарчиња беа исто така дочекани и дарувани со најголема љубов, почит и пригодни пакетчиња.

➢ Во продолжение Ви пренесуваме слики на кои се гледа прекрасната празнична атмосфера која што владееше во градот Скопје на 06.01.2020 година.









Во овој дел изразуваме огромна благодарност до сите музички ѕвезди кои што учествуваа на Бадниковите поворки и до сите останати добродетели кои со својот придонес помогнаа нашата Бадникова радост да стане реалност.

4. Финансиски извештај

Ве известуваме дека финансискиот извештај на Здружението „Бадникови поворки“ за 2019-та година, беше изготвен согласно законските одредби и истиот беше доставен до Централниот регистар на РСМ.

5. Годишниот извештај за работењето на Здружението Бадникови поворки е изработен и усвоен во месец март 2020 година.

Со почит,

Здружение „Бадникови поворки“ - Скопје